Софија АРНАУДОВА

УДК: 364.442.2

# УЛОГАТА НА ОБУКИТЕ ВО СТЕКНУВАЊЕТО НА КОМПЕТЕНЦИИ ЗА ПОМАГАТЕЛНА ДЕЈНОСТ

***Кратка содржина***

*Отсуството на податоци во однос на социјалните вештини кои треба да ги поседуваат припадниците на помагателните професии (психолози, социјални работници, педагози, дефектолози) претставува проблем. Студентите, идни припадници на помагателните професии, за да бидат успешни во својата работа и односите со клиентите, неопходно е адекватно да комуницираат со луѓето, заедницата и општествените установи.*

*Од резултатите кои се добиени со фокусните групи и со примена на три прашалници, со сигурност може да се утврди дека квантитетот и квалитетот на обуките играат значајна улога во развивањето на релевантни особини и способности кај студентите за адекватно работење во рамките на помагателната професија.*

*Резултатите добиени со ова истражување не можат да се генерализираат на сите помагателни професии поради ограниченоста на примерокот меѓутоа се исклучително значајни во согледување на актуелната состојба во поглед на испитуваните карактеристики и во градење на стратегија за нивно унапредување кај идните припадници на помагателните професии. Истовремено, тие претставуваат и значаен индикатор кој ја афирмира идејата за редизајнирање на студиските програми за овие професии во насока на создавање можности актуелните студенти да стекнат компетенции кои ќе им овозможат да бидат професионално успешни.*

***Клучни зборови:*** *СОЦИЈАЛНИ ВЕШТИНИ, ПОМАГАТЕЛНИ ПРОФЕСИИ, КВАНТИТЕТ НА ОБУКИ, КВАЛИТЕТ НА ОБУКИ.*

## ВОВЕД

Истражувањето кое е пред нас треба да даде одговор за тоа во колкава мера квалитетот и квантитетот на обуките кои ги посетуваат студентите кои се подготвуваат за стручно дејствување во рамките на помагателните професии, се поврзани со клучните компетенции (емпатија, алтруизам и асертивност) за адекватно извршување на сопствената дејност.

Според многу автори, емпатијата, алтруизмот и асертивноста претставуваат специфичен склоп на особини кои се неопходни за припадниците на помагателните професии за успешно професионално работење. Се смета дека *емпатијата* е вештина која се стекнува и може да се надградува во текот на образованието (студиите), со специјални обуки и работилници, како и низ секојдневната пракса. Оваа вештина професионалците ја применуваат за унапредување на професионалната комуникација со клиентите на кои им е потребна помош и поддршка и во примената на специфичните методи и техники кои се најчесто клучни за препознавање на суштината на проблемот кај клиентот. *Алтруизмот* е посебен облик на помагателно однесување кое претставува несебична и искрена грижа за дугите. *Асертивноста* пак, претставува сигурно, одговорно и самопотврдно однесување на личноста во ситуации кога се загрозени нејзините законски права.

Како помагателни професии се сметаат сите оние во кои едуцирани лица даваат помош и поддршка на поединци и групи со цел да се постигне највисоко можно задоволство и унапредување на менталното здравје. Ајдуковиќ и Ајдуковиќ (Ajduković и Ajduković, 1996) ги дефинираат **помагателните професии** како професии кои се насочени кон помагање на другите лица со цел да се решат нивните животни проблеми, а заедничка карактеристика за овие професии е личниот контакт помеѓу клиентот и помагателот. Во ова истражување учествуваат студенти, идни професионалци во областа на ***социјалната работа, психологијата, педагогијата, дефектологијата.*** Овие професии спаѓаат во групата на помагателни бидејќи со нивното дејствување треба да се овозможи адекватно психо-социјално функционирање на поединците, групите и заедниците со цел да се превенираат или надминат проблемите во функционирањето и да се поттикне нивниот личен раст и развој. Специфичноста на подрачјето на работа на социјалните работници, психолозите, педагозите и дефектолозите освен теоретска подготовка, бара постоење и на одредени карактеристики и особини на личност кои ќе им овозможат успех во работата.

## МЕТОД

*Општата цел* на ова истражување е да се добие сознание за поврзаност на емпатијата, алтруизмот и асертивноста кај студентите-социјални работници, психолози, педагози и дефектолози, со

квантитетот и квалитетот на обуките кои ги посетувале во текот на студиите.

Хипотезата во ова истражување гласи дека ***емпатијата, алтруизмот и асертивноста кај студентите-социјални работници, психолози, педагози и дефектолози се поврзани со квантитетот и квалитетот на обуките кои ги посетувале во текот на студиите.***

Со помош на мултиметодска триангулација се утврдени нивото на емпатијата, алтруизмот и асертивноста кај студентите-припадници на помагателните професии во однос на обуките кои ги посетувале во текот на студиите.

### *Мерни инструменти*

За испитување на емпатијата, алтруизмот и асертивноста кај студентите-социјални работници, психолози, педагози и дефектолози применети се три теста:

- **IRI (Индекс на интерперсонално реагирање)** конструиран од Дејвис (Davis, 1983, 1996) во 1980 и го мери сложеното емпатиско реагирање кое бара мултидимензионален пристап во мерењето на емпатијата. Станува збор за петстепена скала од Ликертов тип која се состои од 28 ајтеми базирани врз самоизвестување и поделени во четири субскали, од кои две припаѓаат во *когнитивната* (завземање на туѓо гледиште и фантазија), и две во *афективната* компонента на емпатијата (емпатиска грижа и лична непријатност). Подскалите го мерат следново:
  - → IRIPT *Завземање на туѓо гледиште* (се состои од седум ајтеми, ја мери склоноста на испитаникот спонтано да ја прифати психолошката точка на гледање на друго лице);
  - → IRIFS *Фантазија* (се состои од седум ајтеми, ја мери склоноста на испитаникот да се соживе со чувствата на измислената личност);
  - → IRIEC *Емпатиска грижа* (се состои од седум ајтеми, се однесува на афективното реагирање на поединецот на набљудуваните емоционални реакции кај другите лица) и
  - → IRIPD *Лична непријатност* (се состои од седум ајтеми, се однесува на личната непријатност во стресни и емоционално напнати ситуации).

Преку збирот на постигнатите бодови на субскалите се добива и вкупниот скор на емпатиско реагирање на субјектот кој се нарекува индекс на интерперсонално реагирање или IRIT.

- **Скала на алтруизам** конструирана од Работег-Шариќ (Raboteg-Šarč) во 1993 година го мери алтруистичкото однесување кај популацијата. Станува збор за петстепена скала од Ликертов тип која се состои од 17 ајтеми базирани врз самоизвестување.
- **Скала на асертивност** конструирана од Здравковиќ (Zdravković) во 2004, го мери нивото на асертивност кај популацијата. Станува збор за петстепена скала од Ликертов тип која се состои од 20 ајтеми базирани врз самоизвестување.
- **Квантитет и квалитет на обуки** – квантитетот на обуките е мерен преку наведениот број на обуки кои студентите ги посетувале во текот на студиите, а квалитетот на обуките преку самопроценка на студентите за нивниот квалитет (корисни, делумно корисни и некорисни).
- **Водич за дискусија за фокусни групи** –дискусијата е водена според водич за дискусија изготвен со проучување на соодветната литература. На учесниците во фокусните групи им беа поставени однапред дефинирани, кратки, јасни и лесно разбирливи прашања – приспособени на нивото на образование и речникот на испитаниците. Прашањата беа отворени, неутрални и несугестибилни, со цел да се добијат квалитативни податоци за евентуалните причини за поврзаноста со нивото на емпатија, алтруизам и асертивност кај студентите.

### *Испитаници*

Во истражувањето учествуваа студенти-идни професионалци од помагателните професии, од прва и четврта година. Сите студенти се од Филозофскиот факултет во Скопје, но од различни студиски насоки, и тоа од Институтот за социјална работа и социјална политика, Институтот за психологија, Институтот за педагогија и Институтот за дефектологија. Подолу (Графикон 1) следува приказ на структурата на примерокот[1].

---

[1] Официјален список од службата за студентски прашања на Филозофскиот факултет, ноември 2007.




**Графикон 1.** Структура на примерокот

## *Резултати*

Хипотезата во ова истражување ќе биде разгледувана од два одделни аспекти, земајќи ги во предвид квантитетот на обуките и квалитетот на обуките.

**Табела 1.** Корелација помеѓу сите варијабли со квантитет на обуки

| | туѓо гледиште | фантазија | е. грижа | л. неприј. | емпатија | алтруизам | асертивност | обуки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Завземање на туѓо гледиште** | – | .18** | .18** | –.17** | .43** | .32** | –.07 | .10 |
| **Фантазија** | .18** | – | .22** | .16** | .68** | .14** | .03 | .09 |
| **Емпатиска грижа** | .18** | .22** | – | .27** | .67** | .40** | .19** | .06 |
| **Лична непријатност** | .17** | .16** | .27** | – | .59** | –.04 | –.24** | .11* |
| **Глобална емпатија** | .43** | .68** | .67** | .59** | – | .31** | –.20** | .05 |
| **Алтруизам** | .32** | .14** | .40** | –.04 | .31** | – | .05 | .16** |
| **Асертивност** | –.07 | .03 | –.19** | –.24** | –.20** | .05 | – | .10* |
| **Обуки** | .10 | .09 | 0.6 | –.11* | .05 | .16** | .10* | – |

* Корелацијата е значајна на ниво p<.05
** Корелацијата е значајна на ниво p<.01

Во однос на првиот сегмент, квантитетот на обуките, пресметан е Пирсонов коефициент на корелација со цел да се испита можната поврзаност помеѓу квантитетот на обуките и останатите варијабли. Истовремено, во Табела 1 се прикажани и коралациите помеѓу останатите варијабли.

Резултатите прикажани во Табела 1, кои се однесуваат на поврзаноста помеѓу квантитетот на обуките и сите останати варијабли покажуваат дека постои статистички значајна негативна поврзаност помеѓу квантитеот на обуките и подскалата лична непријатност на ниво p<.05 (r=-.11), и позитивна поврзаност помеѓу квантитетот на обуките и алтруизмот на ниво p<.01 (r=.16) и квантитетот на обуките и асертивноста на ниво p<.05 (r=.10).

Во Табела 2 и Табела 3 се прикажани корелациите помеѓу варијаблите за секоја насока поединечно.

**Табела 2.** Корелација помеѓу сите варијабли со квантитет на обуки за студентите социјални работници (над дијагоналата) и студентите психолози (под дијагоналата)

| | туѓо гледиште | фантазија | е. грижа | л. неприј. | емпатија | алтруизам | асертивност | обуки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Завземање на туѓо гледиште** | – | **.16*** | **.23**** | **–.28*** | **.40**** | **.43**** | .00 | .08 |
| **Фантазија** | **.26*** | – | **.22**** | .15 | **.69**** | **.16*** | -.02 | .10 |
| **Емпатиска грижа** | .13 | .09 | – | .15 | **.65**** | **.44**** | **–.17*** | **.22**** |
| **Лична непријатност** | –.04 | .15 | **.40**** | – | **.53**** | **-.19*** | **–.33**** | –.08 |
| **Глобална емпатија** | **.52**** | **.64**** | **.62**** | **.65**** | – | **.31**** | **–.24**** | .12 |
| **Алтруизам** | **.26*** | **.21*** | **.29**** | .36 | **.31**** | – | .06 | .14 |
| **Асертивност** | .12 | .09 | **–.27**** | **–.23*** | **–.21*** | .16 | – | .11 |
| **Обуки** | .20 | .10 | **.27**** | –.19 | –.06 | .13 | .11 | – |

* Корелацијата е значајна на ниво p<.05
** Корелацијата е значајна на ниво p<.01

Резултатите од Пирсоновиот коефициент на корелација помеѓу квантитетот на обуките и сите останати варијабли за студентите социјални работници и психолози се прикажани во Табела 2. Од таму може да се види дека за студентите социјални работници единствената статистички значајна поврзаност помеѓу квантитетот на обуките и останатите варијаби е онаа со подскалата емпатиска грижа значајна на ниво p<.01 (r=-.22). Во истата табела (под дијагоналата) се прикажани и резултатите од корелацијата помеѓу квантитетот на

обуките и сите останати варијабли за студентите психолози. Од таму може да се види дека постои позитивна статистички значајна поврзаност помеѓу квантитетот на обуките и подскалата емпатиска грижа значајна на ниво $p<.01$ ($r=-.27$).

Во Табела 3 се прикажани резултатите од Пирсоновиот коефициент на корелација помеѓу квантитетот на обуките и сите останати варијабли за студентите педагози и студентите дефектолози. Од таму, може да се види дека постои позитивна статистички значајна поврзаност помеѓу квантитетот на обуките и алтруизмот значајна на ниво $p<.05$ ($r=.28$) кај студентите педагози (над дијагоналата). Од резултатите од Пирсоновиот коефициент на корелација помеѓу квантитетот на обуките и сите останати варијабли за студентите дефектолози може да се види дека не постои статистички значајна поврзаност помеѓу квантитетот на обуките и останатите варијабли.

**Табела 3.** Корелација помеѓу сите варијабли со квантитет на обуки за студентите педагози (над дијагоналата) и студентите дефектолози (под дијагоналата)

| | туѓо гледиште | фантазија | е. грижа | л. неприј. | емпатија | алтруизам | асертивност | обуки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Заземање на туѓо гледиште** | – | .09 | .20 | -.06 | **.40**** | **.30**** | -.11 | .03 |
| **Фантазија** | .12 | – | **.30**** | **.28*** | **.73**** | .11 | .11 | .13 |
| **Емпатиска грижа** | .09 | **.30**** | – | **.34**** | **.70**** | **.48**** | -.06 | .20 |
| **Лична непријатност** | -.14 | .03 | **.30*** | – | **.66**** | .18 | -.14 | -.12 |
| **Глобална емпатија** | **.42**** | **.63**** | **.72**** | **.54**** | – | **.38**** | -.06 | .09 |
| **Алтруизам** | .15 | .12 | **.44**** | .10 | **.34*** | – | -.05 | **.28*** |
| **Асертивност** | -.11 | -.04 | -.25 | -.18 | -.25 | -.16 | – | .11 |
| **Обуки** | .05 | .14 | .10 | .01 | .13 | .06 | .06 | – |

* Корелацијата е значајна на ниво $p<.05$
** Корелацијата е значајна на ниво $p<.01$

Во однос на вториот сегмент од поставената хипотеза, квалитетот на обуките, ќе бидат прикажани резултатите од еднонасочната АНОВА, а потоа и пресметаната значајност на разлики со помош на t-тест. Утврдено е дека постои статистички значајна разлика единствено во однос на квалитетот на обуките кои студентите ги посетувале и нивото на алтруизам (Табела 4).

Подолу ќе бидат прикажани резултатите кои говорат за односот помеѓу квалитетот на обуките и останатите варијабли.

**Табела 4.** Значајност на разлики помеѓу квалитетот на обуките кои ги посетувале студентите во однос на нивото на емпатичност, алтруизам и асертивност

| | квалитет на обуките | N | M | σ | F-тест | p |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Завземање на туѓо гледиште** | **корисни** | 77 | 24.53 | 4.92 | | |
| | **делумно корисни** | 78 | 24.65 | 3.92 | | |
| | **некорисни** | 4 | 26.25 | 4.11 | | |
| | **вкупно** | 159 | 25.14 | 4.32 | .62 | >.05 |
| **Фантазија** | **корисни** | 77 | 23.16 | 5.12 | | |
| | **делумно корисни** | 78 | 23.18 | 5.47 | | |
| | **некорисни** | 4 | 24.75 | 5.56 | | |
| | **вкупно** | 159 | 23.70 | 5.38 | .12 | >.05 |
| **Емпатиска грижа** | **корисни** | 77 | 26.56 | 4.34 | | |
| | **делумно корисни** | 78 | 26.41 | 3.74 | | |
| | **некорисни** | 4 | 25.25 | 4.35 | | |
| | **вкупно** | 159 | 26.07 | 4.14 | 2.08 | >.05 |
| **Лична непријатност** | **корисни** | 77 | 21.99 | 5.43 | | |
| | **делумно корисни** | 78 | 22.45 | 4.90 | | |
| | **некорисни** | 4 | 21.75 | 3.77 | | |
| | **вкупно** | 159 | 22.06 | 4.70 | .16 | >.05 |
| **Глобална емпатија** | **корисни** | 77 | 96.23 | 11.70 | | |
| | **делумно корисни** | 78 | 96.63 | 9.66 | | |
| | **некорисни** | 4 | 98.00 | 7.44 | | |
| | **вкупно** | 159 | 96.95 | 9.60 | .45 | >.05 |
| **Алтруизам** | **корисни** | 77 | 76.62 | 4.56 | | |
| | **делумно корисни** | 78 | 74.25 | 5.73 | | |
| | **некорисни** | 4 | 68.25 | 9.32 | | |
| | **вкупно** | 159 | 73.04 | 6.54 | **8.28** | **<.01** |
| **Асертивност** | **корисни** | 77 | 64.38 | 9.72 | | |
| | **делумно корисни** | 78 | 63.04 | 10.11 | | |
| | **некорисни** | 4 | 63.75 | 2.75 | | |
| | **вкупно** | 159 | 63.72 | 7.53 | .45 | >.05 |

**df=2**

Во Табела 5 е прикажана значајноста на разликите кои постојат помеѓу студентите во зависност од тоа дали досегашните обуки кои ги посетувале ги оценуваат како корисни или како делумно корисни. Помеѓу двете споредувани групи постојат статистички значајни разлики во однос на алтруизмот ($t(153)= 2.52$ $p<.05$) во прилог на студентите кои обуките ги оценуваат како корисни.

**Табела 5.** Значајност на разлики во однос на емпатијата, алтруизмот и асертивноста кај студентите кои обуките ги оценуваат како корисни и делумно корисни

| | квалитет на обуките | N | M | σ | t-тест | p |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Завземање на туѓо гледиште | корисни | 77 | 24.53 | 4.92 | | |
| | делумно корисни | 78 | 24.65 | 3.92 | -.17 | >.05 |
| Фантазија | корисни | 77 | 23.16 | 5.12 | | |
| | делумно корисни | 78 | 23.18 | 5.47 | -.03 | >.05 |
| Емпатиска грижа | корисни | 77 | 26.56 | 4.34 | | |
| | делумно корисни | 78 | 26.41 | 3.74 | .23 | >.05 |
| Лична непријатност | корисни | 77 | 21.99 | 5.43 | | |
| | делумно корисни | 78 | 22.45 | 4.90 | -.56 | >.05 |
| Глобална емпатија | корисни | 77 | 96.23 | 11.70 | | |
| | делумно корисни | 78 | 96.63 | 9.66 | -.27 | >.05 |
| Алтруизам | корисни | 77 | 76.62 | 4.56 | | |
| | делумно корисни | 78 | 74.25 | 5.73 | **2.52** | **<.05** |
| Асертивност | корисни | 77 | 64.38 | 9.72 | | |
| | делумно корисни | 78 | 63.04 | 10.11 | .84 | >.01 |

**df=153**

Значајноста на разлики во однос на скалите на емпатија, алтруизам и асертивност за студентите кои обуките ги оценуваат како корисни и некорисни се прикажани во Табела 6. Помеѓу двете споредувани групи постојат статистички значајни разлики во однос на алтруизмот (t=79)= 3.38 p<.01) во прилог на студентите кои обуките ги оценуваат како корисни.

И помеѓу студентите кои ги оценуваат обуките кои ги посетувале во текот на студиите како делумно корисни и некорисни е утврдено дека единствената статистички значајна разлика е во однос на алтруизмот (t=80)= 2.07 p<.05) во прилог на студентите кои обуките ги оценуваат како делумно корисни (Табела 7).

**Табела 6.** Значајност на разлики во однос на емпатијата, алтруизмот и асертивноста кај студентите кои обуките ги оценуваат како корисни и некорисни

| | квалитет на обуките | N | M | σ | t-тест | p |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Завземање на туѓо гледиште | корисни | 77 | 24.53 | 4.92 | | |
| | некорисни | 4 | 26.25 | 4.11 | -.68 | >.05 |
| Фантазија | корисни | 77 | 23.16 | 5.12 | | |
| | некорисни | 4 | 24.75 | 5.56 | -.60 | >.05 |
| Емпатиска грижа | корисни | 77 | 26.56 | 4.34 | | |
| | некорисни | 4 | 25.25 | 4.35 | .59 | >.05 |
| Лична непријатност | корисни | 77 | 21.99 | 5.43 | | |
| | некорисни | 4 | 21.75 | 3.77 | .09 | >.05 |
| Глобална емпатија | корисни | 77 | 96.23 | 11.70 | | |
| | некорисни | 4 | 98.00 | 7.44 | -.30 | >.05 |
| Алтруизам | корисни | 77 | 76.62 | 4.56 | | |
| | некорисни | 4 | 68.25 | 9.32 | **3.38** | **<.01** |
| Асертивност | корисни | 77 | 64.38 | 9.72 | | |
| | некорисни | 4 | 63.75 | 2.75 | .13 | >.05 |

**df=79**

**Табела 7.** Значајност на разлики во однос на емпатијата, алтруизмот и асертивноста кај студентите кои обуките ги оценуваат како делумно корисни и некорисни

| | квалитет на обуките | N | M | σ | t-тест | P |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Завземање на туѓо гледиште** | **делумно корисни** | 78 | 24.65 | 3.92 | | |
| | **некорисни** | 4 | 26.25 | 4.11 | -.79 | >.05 |
| **Фантазија** | **делумно корисни** | 78 | 23.18 | 5.47 | | |
| | **некорисни** | 4 | 24.75 | 5.56 | -.60 | >.05 |
| **Емпатиска грижа** | **делумно корисни** | 78 | 26.41 | 3.74 | | |
| | **некорисни** | 4 | 25.25 | 4.35 | .60 | >.05 |
| **Лична непријатност** | **делумно корисни** | 78 | 22.45 | 4.90 | | |
| | **некорисни** | 4 | 21.75 | 3.77 | .28 | >.05 |
| **Глобална емпатија** | **делумно корисни** | 78 | 96.63 | 9.66 | | |
| | **некорисни** | 4 | 98.00 | 7.44 | -.27 | >.05 |
| **Алтруизам** | **делумно корисни** | 78 | 74.25 | 5.73 | | |
| | **некорисни** | 4 | 68.25 | 9.32 | **2.07** | **<.05** |
| **Асертивност** | **делумно корисни** | 78 | 63.04 | 10.11 | | |
| | **некорисни** | 4 | 63.75 | 2.75 | .14 | >.05 |

**df=80**

Со обработка на податоците добиени од фокусните групи може да се види дека најголем процент на обуки поминале студентите социјални работници од четврта година, односно нема студент кој не посетувал некаков тип на работилница. Сепак, од сите работилници што ги посетувале студентите, само половината се оценети како корисни, а малиот процент на работилници кои се оценети како некорисни така се евалуирани од страна на студентите психолози. Интересен е податокот дека сите студенти кои посетувале некаков вид на работилница себе си се оценуваат како поалтруистични и поасертивни, но и поподготвени трезвено да реагираат во стресни ситуации. Во таа насока е и изјавата на еден студент од четврта година, социјана работа „По поминатата обука за комуникациски вештини почнав на караниците со партнерката да бројам до десет, а потоа да реагирам на посмирен начин, за разлика од претходно кога ми беше потребна само една секунда за да избувнам".

На Графикон 2 се прикажани аритеметичките средини на студентите кои на различен начин го оцениле квалитетот на обуките во однос на останатите варијабли во истражувањето.

Врз основа на податоците прикажани во Табела 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7 и Графикон 2, како и врз основа на податоците добиени од фокусните групи, може да се заклучи дека хипотезата според која *емпатијата, алтруизмот и асертивноста кај студентите-социјални работници, психолози, педагози и дефектолози се поврзани со квантитетот и квалитетот на обуките кои ги посетувале во текот*

*на студиите* **делумно се потврди**, т.е дека постојат разлики помеѓу групите во однос на некои од наведените варијабли.

**Графикон 2.** Аритметички средини на подскалите завземање на туѓо гледиште, фантазија, емпатиска грижа и лична непријатност и скалите за глобална емпатија, алтруизам и асертивност кај студентите во однос на квалитетот на обуките кои ги посетувале




## *Дискусија*

Во однос на првиот сегмент, квантитетот на обуките, пресметан е Пирсонов коефициент на корелација со цел да се испита можната поврзаност помеѓу квантитетот на обуките и останатите варијабли. Резултатите кои се однесуваат на поврзаноста помеѓу квантитетот на обуките и сите останати варијабли покажуваат дека постои статистички значајна негативна поврзаност со подскалата лична непријатност на ниво $p<.05$ ($r=-.11$), и позитивна поврзаност со алтруизмот на ниво $p<.01$ ($r=.16$) и асертивноста на ниво $p<.05$ ($r=.10$). Согласно на овие резултати, со зголемување на бројот на обуките се намалува личната непријатност, т.е. студентите потрезвено реаги-

раат на работите и се способни да го контролираат стресот. Во тој контекст е и констатацијата на една студентка која вели дека вво стресни и кризни ситуации после толку обуки начив да станувам присебнаг. Во Табела 2 се прикажани резултатите од Пирсоновиот коефициент на корелација помеѓу квантитетот на обуките и сите останати варијабли за студентите од насоката социјална работа и насоката психологија. Единствената статистички значајна поврзаност помеѓу квантитетот на обуките и останатите варијаби за студентите социјални работници е онаа со подскалата емпатиска грижа, значајна на ниво $p<.01$ ($r=.22$). Во истата табела се прикажани и резултатите од корелација помеѓу квантитетот на обуките и сите останати варијабли за студентите од насоката психологија. Од таму може да се види дека постои негативна статистички значајна поврзаност помеѓу квантитетот на обуките и подскалата емпатиска грижа, значајна на ниво $p<.01$ ($r=.27$). Во Табела 3 се прикажани резултатите од Пирсоновиот коефициент на корелација помеѓу квантитетот на обуките и сите останати варијабли за студентите од насоката педагогија и насоката дефектологија. Може да се види дека постои позитивна статистички значајна поврзаност помеѓу квантитетот на обуките и алтруизмот, значајна на ниво $p<.05$ ($r=.28$) за студентите од насоката педагогија. Од резултатите од Пирсоновиот коефициент на корелација помеѓу квантитетот на обуките и сите останати варијабли за студентите од насоката дефектологија може да се види дека не постои статистички значајна поврзаност. Во однос на вториот сегмент од поставената хипотеза, квалитетот на обуките, во Табела 4 се прикажани резултати од еднонасочна АНОВА, а потоа е пресметана значајност на разлики со помош на t-тест. Во Табела 5 се прикажани разликите кои постојат помеѓу студентите во зависност од тоа дали досегашните обуки ги оценуваат како корисни или како делумно корисни. Помеѓу двете споредувани групи постојат статистички значајни разлики во однос на алтруизмот ($t(153)= 2.52$ $p<.05$), во прилог на студентите кои обуките ги оценуваат како корисни. Разликите во однос на скалите на емпатија, алтруизам и асертивност за студентите кои обуките ги оценуваат како корисни и некорисни се прикажани во Табела 6. Помеѓу двете споредувани групи постојат статистички значајни разлики во однос на алтруизмот ($t=79)= 3.38$ $p<.01$), во прилог на студентите кои обуките ги оценуваат како корисни. И помеѓу студентите кои ги оценуваат обуките како делумно корисни и некорисни е утврдено дека единствената статистички значајна разлика е во однос на алтруизмот ($t=80)= 2.07$ $p<.05$), во прилог на студентите кои обуките ги оценуваат како делумно корисни (Табела 7).

Од целокупниот примерок може да се види дека само 41.84% (пред сè студентите од четврта година) учествувале во работилница или семинар надвор од задолжителната практична настава. Голем дел од овие студенти, особено социјалните работници, истакнуваат дека биле вклучени во волонтерска работа со што стекнале поголемо искуство за сопствената професија и вештини за професионална работа со своите клиенти. Имено, со помош на дискусиите во фокусните групи е утврдено дека студентите кои волонтирале најмногу биле вклучени во работата во невладиниот сектор, во организации кои се ориентирани кон пружање на психосоцијална помош (Здружение за помош и поддршка на деца и млади и семејства под ризик „За среќно детство", СОС телефон, УНИЦЕФ, КАРИТАС, ИОМ и Меѓаши). Студентите волонтираат во различни здруженија чии програми главно се состојат од различни групни активности. На тој начин, овие студенти, покрај тоа што често се јавуваат како водители и ко-водители на групни работилници, често ги обавуваат своите задачи во осмислување на групните активности (ова особено го нагласуваат студентите социјални работници кои ги следат предавањата од предметот Групна социјална работа). Зависно од целите на здруженијата, овие групни активности се насочени кон организирање на слободното време на младите, зајакнување на младите и жените жртви на трговија со луѓе и на лицата со посебни потреби, па сé до превенција и третман на ризичното однесување на децата и младите. Резултатите одат во прилог на тоа дека дополнителната работа, надвор од високообразовната институција, ги поттикнува студентите да волонтираат во различни невладини организации со што стекнуваат дополнително искуство, високо себепочитување и сигурност за успешна апликација на теориските знаења во практичната работа.

Од горенаведново, како и од резултатите кои се добиени од фокусните групи, со сигурност може да се увиди дека квантитетот и квалитетот на обуките играат значајна улога во развивањето на релевантни особини и способности кај студентите за адекватно работење во рамките на помагателната професија.

(Рецензент: *проф. д-р Верица Стаменкова Трајкова*)

## ЛИТЕРАТУРА

**Ajduković, M. i Ajduković, D.** (1996). *Zašto je ugroženo zadravlje pomagaća?* U: Ajduković, M. i Ajduković, D. (Ur.), Pomoć i samopomoć u skrbi za mentalno zdravlje pomagača, Zagreb: Društvo za psihološku pomoć

**Davis, M. H**. (1983). *Measuring individual differences in empathy: evidence for a multydimensional approach*, In: Journal of Personality and Social Psychology, vol.4 No.1, pp. 113-127.

**Davis, M. H**. (1996). *Empathy: A social Psychological Approach.* Central Avenue, Boulder: Westview Press, Inc.

**Raboteg-Šrić, Z.** (1993). *Empatija, moralno rasuđivanje i različiti oblici prosocijalmog ponašanja.* Disertacija, Filozofski fakultet, Zagreb.

**Zdravković, J.** (2004). *Veštine vladanja sobom.* Niš: ZOGRAF.

Sofija ARNAUDOVA

# THE ROLE OF THE EDUCATIONS IN THE PROCESS OF GETTING COMPETENCES FOR HELPING


## Summary

*The lack of information concerning the social skills at students from helping professions (psychologists, social workers, pedagogues and special educators) is a very big problem. Students, as future experts in the helping professions, have to communicate appropriately with the people, community and social services and institutions for being successful in their job and relations with their clients.*

*The results from the focus groups and data from the tree questionnaires are showing that the quality and the quantity of the educations during the studies are significant factor in building competences for psychosocial work.*

*The obtained results can not be generalized to all helping professions because of the sample limitation, but they are significant for seeing the current state in regards of the researched characteristics and building a strategy for their improvement in the future experts in helping professions. At the same time, the results present a significant indicator that confirms the idea of redesigning the current study programs that would provide opportunities for the present students to get the needed competencies for providing their professional success.*


***Keywords:*** *SOCIAL SKILLS, HELPING PROFESSIONS, QUALITY OF EDUCATIONS, QUANTITY OF THE EDUCATIONS*